**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр. 08 - 5 / 96**
**02 - 07. 2015 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 63 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08...), а во врска со член 10 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје, на седницата одржана на 02.07.2015, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на два дополнителни општи услови за упис на втор циклус на студии на Факултетот за безбедност-Скопје**

1. Со оваа одлука се утврдуваат два дополнителни општи услови за упис на втор циклус на студии на Факултетот за безбедност-Скопје, во студиската 2015/2016 година;

2. Дополнителни општи услови за упис на втор циклус на студии на Факултетот за безбедност-Скопје, во академската 2015/2016 година се:

- Предност при уписот имаат кандидатите со завршен прв циклус студии на:
Факултет за безбедност а на студиската програма заеднички студии по Безбедност и финансиска контрола и Факултет за туризам и угостителство.

- Доколку се пријават повеќе кандидати од бројот утврден во конкурсот при уписот кандидатите од другите студиски програми согласно одлуката за компатибилност за завршен прв циклус универзитетски студии, предност имаат оние кандидати кои имаат повисок успех во студирањето.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

4. Примерок од одлуката да се достави до: Деканот, Продеканот за настава, Раководителот на втор циклус студии, Одделение за студентски прашања, архива, да се истакне на огласна табла и да се објави на ВЕБ страната на Факултетот.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Оливер Бачановиќ**